**ПОКАНА**
**РАБОТИЛНИЦА ЗА БИОБАЗИРАНИ РЕШЕНИЈА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО**

**Датум: 16 април, 2025 година**
**Локација: Факултет за земјоделски науки и храна, Скопје**

Почитувани,

Ве покануваме да земете учество на работилницата за биобазирани решенија во земјоделството, која ќе се одржи на 16 април, 2025 година, на Факултетот за земјоделски науки и храна, Скопје (просторија бр.25).

Во рамки на овој настан, ќе бидат промовирани биобазираните решенија работени во рамки на два поврзани проекти, „Иновативни третмани на птичјо ѓубре, за намален отпад и употреба на агрохемикалии во земјоделството во Демир Хисар“, спроведуван од Здружението за зачувување на агробиодиверзитетот, рурален развој и природа АКОРН, Скопје (АКОРН) во партнерство со Факултетот за земјоделски науки и храна, Скопје (ФЗНХ), а финансиран преку Програмата за мали грантови на Глобалниот еколошки фонд (ГЕФ ПМГ) и Проектот DIVAGRI "Патеки за диверзификација на приходите во Африка преку циркуларни и биолошкибазирани иновации во земјоделството" (2021-2025), каде Факултетот за земјоделски науки и храна (ФЗНХ) во состав на УКИМ во Скопје е еден од 19те партнери кои го спроведуваат проектот, финансиран од програмата Horizon 2020 на Европската Комисија.

На работилницата ќе бидат презентирани научените лекции по проектот „Иновативни третмани на птичјо ѓубре, за намален отпад и употреба на агрохемикалии во земјоделството во Демир Хисар“, во чии рамки беше истражувана преработката на птичјо ѓубре во биоќумур, дигестат од биогасна станица и компост и нивната употреба во земјоделството и ќе бидат презентирани активностите на ФЗНХ во рамки на проектот ДИВАГРИ. Подлабоко ќе бидат разгледани методите за преработка на органски материјали и употреба на биоќумур и дигестат во земјоделството кои се тема на двата проекти и ќе бидат промовирани и други биобазирани иновации од областа наводнување, со посебен осврт на системот SLECI (саморегулирачки, ниско-енергетски систем за наводнување базиран на глина).

Ве очекуваме!
Ве молиме да го пријавите вашето учество најкасно до 14 април на akornmk@gmail.com или vjekoslavtanaskovic@yahoo.com.

**Контакт:**
Евгенија Јордановска Нечковски – Проектен координатор , АКОРН Скопје
e-mail: evgenijajordanovska@acornskopje.org; akornmk@gmail.com; телефон: 075.496.494;
Проф.д-р Вјекослав Танасковиќ – координатор на ДИВАГРИ од ФЗНХ, Скопје
e-mail: vjekoslavtanaskovic@yahoo.com; телефон: 070.386.383;

Funded by the Horizon 2020 Framework Programme of the European Union

**ДНЕВЕН РЕД**
**РАБОТИЛНИЦА ЗА БИОБАЗИРАНИ РЕШЕНИЈА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО**

**Датум: 16 април, 2025 година**
**Локација: Факултет за земјоделски науки и храна, Скопје**

**1 дел**
**Научени лекции од проектот „Иновативни третмани на птичјо ѓубре, за намален отпад и употреба на агрохемикалии во земјоделството во Демир Хисар“**

| | |
|---|---|
| **9:30 - 10:00 ч.** | Регистрација на учесници |
| **10:00 -10:20 ч.** | Отварање на настанот – декан на ФЗНХ, проф.д-р Миле Маркоски<br>Вовед за Програмата за мали грантови на ГЕФ – м-р Златко Самарџиев, национален координатор на ГЕФ ПМГ |
| **10:20 – 10:40 ч.** | Осврт на проектот „Иновативни третмани на птичјо ѓубре, за намален отпад и употреба на агрохемикалии во земјоделството во Демир Хисар“ – м-р Евгенија Јордановска Нечковски, проектен координатор |
| **10:40 – 11:00 ч.** | Научени лекции од проектот и препораки за понатамошни активности - експертски тим (проф.д-р Вјекослав Танасковиќ, проф.д-р Миле Маркоски, м-р Стојанче Нечковски) |
| **11:00 – 11:30 ч.** | Дискусија |
| **11:30 - 12:00 ч.** | Кафе пауза |

**2 дел**
**Проект DIVAGRI "Патеки за диверзификација на приходите во Африка преку циркуларни и биолошкибазирани иновации во земјоделството"**

Funded by the Horizon 2020 Framework Programme of the European Union

| | |
|---|---|
| **12:00 - 12:20 ч.** | Осврт на проектот ДИВАГРИ – проф.д-р Вјекослав Танасковиќ и м-р Стојанче Нечковски |
| **12:20 - 12:40 ч.** | Методи на преработка на органски материјали во биоќумур и дигестат од биогасна станица (промовирање на едукативни видеа од ГЕФ ПМГ проектот) |
| **12:40 - 13:00 ч.** | Други биолошки базирани иновации во праксата на наводнување (SLECI) |
| **13:00 - 13:30 ч** | Дискусија |
| **13:30 ч.** | Закуска |

**Контакт:**
Евгенија Јордановска Нечковски – Проектен координатор, АКОРН Скопје
e-mail: evgenijajordanovska@acornskopje.org; akornmk@gmail.com; телефон: 075.496.494;
Проф.д-р Вјекослав Танасковиќ – координатор на ДИВАГРИ од ФЗНХ, Скопје
e-mail: vjekoslavtanaskovic@yahoo.com; телефон: 070.386.383;

## Дополнителни информации за уредниците

### ГЕФ ПМГ Северна Македонија (www.gefsgpmacedonia.org.mk)

Во Северна Македонија ГЕФ ПМГ официјално започна со работа во мај 2005. Во периодот 2005-2023 финансирани се 167 проекти со вкупно доделена сума **3,215,065 САД$** и генерирајќи кофинансирање во износ од **3,402,789 САД$.** При тоа се остварени следните резултати во централните области: **Биодиверзитет:** In-situ заштитени 15 автохтони и глобално значајни видови: 1. Лилјаци 2. папрат Osmunda Regalis 3. Овца Праменка, 4. Крава Буша, 5/6. Локален вид на јаболка (циганка) и круша (сулија), 7/8. македонска речна пастрмка и речен Вретенар (Zingel Balcanicus), 9. Македонска пчела (Apis mellifera macedonica), 10. Жолт локвањ (Nuphar luteum), 11. Воден Бивол 12. Шарпланинец, 13. Домашна кокошка сребра, 14. Домашното магаре и 15. Домашната балканска коза; **Климатски Промени:** прв систем за изнајмување на велосипеди (Скопје), прво производство на биодизел, 12 Енергетски ефикасни училишта, енергетски ефикасно осветлување во 8 градови, намалување на 1200 Тони $CO_2$/год и **Неразградливи органски загадувачи НОЗ/хемикалии:** околу 30% од пластичен отпад е попречено од горење и на тој начин е спречено испуштање на емисиите на диоксини/фурани во воздухот, селектирани и рециклирани 50.000 кг пластичен отпад, од 2020 финансиски помага за прв пат собирање и правилно расклопување на користени неонски сијалици, е-отпад; од 2021 користење на текстилниот отпад и користена облека во нови производи, дијагностика и поправка на електронскиот отпад – расипани мали домашни апарати, компјутери и мобилни телефони и нивно повторно користење

### Глобален еколошки фонд ГЕФ (www.TheGEF.org)

ГЕФ обединува 183 земји во партнерство со меѓународни институции, невладини организации и приватен сектор со цел да се адресираат глобалните еколошки проблеми истовремено поддржувајќи национални одржливи развојни иницијативи. Денеска ГЕФ е најголем финансиер на проекти кои ја подобруваат животната средина. Како независна финансиска организација, ГЕФ обезбедува грантови за проекти од областите на биолошка разновидност, климатските промени, меѓународни води, деградација на земјиштето, озонската обвивка и хемикалии/неразградливите органски загадувачи.

Од 1991, ГЕФ остварува докажани резултати со земјите во развој и земјите со економии во транзиција, доделувајќи 119 САД$ милијарди во кофинансирање преку 5,186 проекти во над 164 земји. Преку Програмата за мали грантови, ГЕФ обезбеди поддршка на преку 25000 проекти на здруженија во 133 земји

### Програма на Обединетите Нации за развој (www.undp.org)

Програмата на Обединетите Нации за развој е присутена во 170 земји и територии со цел да се искорени сиромаштијата истовремено заштитувајќи ја планетата. Им помага на земјите да развијат силни политики, вештини, партнерства и институции за да можат да го одржат својот напредок. Исто така соработува со сите нивоа на општеството за да помогне во изградбата на нации кои можат да издржат кризи и да поттике подобрување на квалитетот на животот за секого. Како развојна агенција na Обединетите Нации игра значајна улога со помош на земјите да ги достигнат Одржливите развојни цели.

### ГЕФ Програма за мали грантови ПМГ (www.sgp.undp.org)

Основана на Самитот за планетата Земја во Рио во 1992, ГЕФ ПМГ поддржува здруженија на граѓани – ЗГ во нивните активности кон намалување на климатските промени, конзервација на биолошката разновидност, заштитата на меѓународните води, намалување на влијанието на хемикалиите/ неразградливите органски загадувачи, спречување на деградацијата на земјиштето и истовремено генерирајќи одржлива егзистенција. Ги втемелува основите на одржливиот развој преку „мисли глобално делувај локално“. Овозможува финансиска и техничка поддршка за зачувување и заштитување на животната средина зајакнувајќи ја благосостојбата на заедниците. ПМГ покажува дека локаната акција може да ја одржи рамнотежата помеѓу човечките потреби и еколошките цели.Од своето постоење ПМГ има доделено над 25.000 грантови во 133 земји. Финансирана од ГЕФ како корпоративна програма, Програмата за мали грантови – ПМГ е спроведувана од УНДП.

**Здружение за зачувување на агробиодиверзитетот, рурален развој и природа АКОРН, Скопје (www.acornskopje.org)**

АКОРН е невладина организација основана во 2022 година, чија мисија е да промовира одржливи практики и истражување и едукација во областа на земјоделството и екологијата. Целите на АКОРН се зачувување на агробиодиверзитетот и животната средина воопшто, рурален развој, промовирање на одржливи практики и истражување и развој на земјоделските науки. Иако седиштето на АКОРН е во Скопје, АКОРН делува на целата територија на С.Македонија.

**Факултет за земјоделски науки и храна, Скопје (www.fznh.ukim.edu.mk)**

Факултетот за земјоделски науки и храна е формиран на 16.12.1947 година и е еден од основачите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Во својата долгогодишна традиција, Факултетот оствари плодна наставна, научно-истражувачка и апликативна работа, како и активна соработка со домашни и странски сродни институции. Во однос на капацитетите со кадар и опрема, Факултетот е врвна институција од областа на земјоделството и храната.

**Проект ДИВАГРИ**

Факултетот за земјоделски науки и храна (ФЗНХ) во состав на УКИМ во Скопје е еден од 19 партнери во спроведувањето на проектот "Патеки за диверзификација на приходите во Африка преку циркуларни и биолошки-базирани иновации во земјоделството" со Акроним DIVAGRI (2021 - 2025), финансиран од програмата на Horizon 2020 на Европската Комисија. DIVAGRI е акционен истражувачки проект кој има за цел да ја подобри продуктивноста на земјоделските производители преку воведување на седум нови технологии во примарното производство, но и подобрување на соработката помеѓу производителите и индустријата, зачувување на животната средина, итн во регионите на истражување и пошироко.